SICURI PER SCELTA

Muoversi. Con intelligenza

# БЕЗБЕДНО ПО ИЗБОР.
## ДВИЖЕТЕ СЕ НА ИНТЕЛЕЃЕНТЕН НАЧИН

## НА ПАТОТ НА ДА И НА НЕ
## 3/4/5 год

progetto promosso da

FONDAZIONE CRC

FONDAZIONE CASSA DI RISPARMIO DI FOSSANO

PROVINCIA di CUNEO
Medaglia d'oro al Valore Civile

FONDAZIONE CASSA DI RISPARMIO DI SALUZZO

FONDAZIONE CRS
CASSA DI RISPARMIO DI SAVIGLIANO
SEME DEL TERRITORIO

con il patrocinio di

*Ministero dell'Istruzione e del Merito*
Ufficio Scolastico Regionale per il Piemonte
Ufficio VI - Ambito territoriale di Cuneo

in collaborazione con

S.I.P.Si.Vi.

**НА ПАТОТ НА ДА И НА НЕ - 3/4/5 год**

**ВОВЕД:**
**Децата, сообраќајот, одржлива мобилност**
**Секојдневно патување**
**Децата и перцепцијата на опасност во градскиот сообраќај**
**Дневни искуства на децата,пешаци со придружба**
**Однесувањето на возрасните**
**Ориентацијатаконпатувањазачувајкијавоедноиоколината(одржлива мобилност)**

## Деца, сообраќај, одржлива мобилност

Од големите градови до малите населени места, секојдневниот живот на секој од нас е обележан со патување, без разлика дали се работи за преминување низ урбаните простори или движење во вонградски простори за да стигне до училиште, работа или да се вратиме дома. Рутина составена од суштински правила за безбедно патување, но и од навики и мало невнимание може да не натера да заборавиме на важноста на претпазливоста и правилата.

Проектот „**Безбедно по избор. Движете се на интелеѓентен начин“"Sicuri per Scelta. Muoversi. Con intelligenza"** е иницијатива посветена на едукација за безбедност на патиштата и подржлива(еколошка) мобилност, која ги има следните цели: подигање на свеста кај сите учесници во сообраќајот за усогласеност со правилата, промовирање на правилна перцепција за ризикот, водич кон правилни,еколошки избори за животната средина.

Овој проект опфаќа некои однесувања што треба да се прифатат при патување за да се обезбеди безбедност на три, четири и петгодишни деца.

Преку приказните на пријателите Ричи,(Ежови), ги испитуваме поконкретно постапките на придружуваниот пешак на секојдневните релации, како што е, на пример,релацијата дома-училиште-дома.




## Пат кој го минеме секојдневно

За секое дете, патувањето од дома до училиште обединува две места кои се значајни од емотивна гледна точка. Генерално, возрасните посветуваат многу внимание на средините во кои децата поминуваат многу време да бидат добредојдени и безбедни, но имаат тенденција да дадат помало значење на прогресивната автономија на детето на улица.
Како што домот и училиштето се „средина“, така се и патот, тротоарот, чекорот и лизгалката, пешачкиот премин, знаците, семафорите, раскрсниците, мостовите, зградите, возилата, луѓето, сите животни (домашни или диви), јавните паркови и секој друг елемент што го сочинува градот,помалите населени места.
Стигнувањето на училиште со автомобил, или пеш, или со велосипед или со училишен автобус му овозможува на детето да се запознае со елементите на оваа „сечија средина“ со која мора да се поврзе. Секојдневното патување од дома до можност за учење за личната безбедност и возрасното лице,треба ефективно да го придружува овој напредок.

## Децата и перцепцијата на опасност во градскиот сообраќај

Пред сè, мора да запомниме дека детето не смее да се гледа како мало возрасно лице: неговиот начин на гледање,




знаење и учење е многу различно од нашите начини.Патиштата се полни со симболи за дешифрирање, кои не се лесно разбирливи.
Како можеме да обезбедиме тие да станат извор на ориентација и безбедност наместо да генерираат чувство на несоодветност и да бидат отфрлени затоа што се збунувачки?
Големата сложеност на урбаниот сообраќај на почетокот создава изненадување кај детето, проследено со тешкотии во толкувањето, со несигурности кои можат да предизвикаат реакции на страв или, напротив, премногу храброст.
Овие реакции се должат на начинот на кој детето ја перцепира околината и патот:

- неговата висина влијае на неговото видно поле, кое сè уште е ограничено;
- разликување на сложените звуци и нивната локализација се во степен на развивање;
- некои просторни концепти тешко се проектираат во однос на објектите и предметите, на пример кое возило доаѓа од лево а кое од десно на пешачкиот премин;
- сообраќајот претставува голем број на звуци и симболи истовремено и намалената способност на детето да се концентрира не помага да го согледа патот во целост;
- иако физички вештините за движење се солидни детето, ненадејно, може да се сопне;
- сè уште треба да се потврди способноста за да се разбере разликата помеѓу возилото што е во мирување и возилото во движење.

Тоа се фактори кои влијаат на проценката на брзината на возилото што се приближува: на урбаниот пат се движиме со различна брзина и на детето му е тешко да разбере што се случува околу него.



Понатаму, детето има тенденција да дејствува спонтано без да размислува за последиците: неговите спонтани реакции можат да бидат непредвидливи и да претставуваат непожелен извор на опасност, за него и за другите, на пример, може да биде привлечено од нешто и одеднаш да почне да трча.
Во семејството и на училиште, децата се чуствуваат заштитени и, дури и ако го научат правилникот за коректно однесување на патот,не е едноставно знаењето да се примени надвор: возилата што се движат може да го дезориентираат детето.
Кога растојанието помеѓу домот и училиштето го дозволува тоа, би било многу корисно да го придружувате детето пешки, поради низа важни причини, набројуваме некои од нив:
• преку искуството на одење во градски сообраќај и преку дијалог со возрасните, детето постепено учи да ги препознава опасностите додека не стане свесно за нив и последователно, како што ќе расне, правилно да ги оценува, додека не стекне способност да ги предвидува и избегнува. Препознавањето и оценувањето на опасноста во позната средина е полесно отколку соочувањето со неа во нова и ненадејна ситуација;
• детето постепено станува свесно за далечините и времето на патување;
• пешачењето од дома до училиште станува секојдневна физичка вежба на отворено што е добро за децата, ги подобрува нивните моторни перформанси, помага да се ослободи напнатоста, ја тренира способноста за концентрирање;



• пешачејки се помагнува да се намали бројот на автомобили во близина на училиштето, а исто така се зголемува безбедноста на малите пешаци.

## Секојдневни искуства на децата,придружувани патници

Патувањето по истиот пат во исто време секој ден станува можност да научите на спонтан и конкретен начин да препознаете некои опасности кои се повторуваат и да го разберете значењето на главните правила на однесување. Особено ако тој дел од патот се патува пеш.
На познатата релација можете да му укажете на детето на најопасните точки за пешаците, користејќи едноставни објаснувања можете да ги објасните причините и укажете на најпретпазливото однесување за некој определен случај.

Со повторување на правилното однесување и имитирање на позитивниот пример на возрасните, децата постепено го стекнуваат искуството неопходно за самостојно и безбедно движење, запознавајќи се со патната средина.
Може да се случи непредпазливото движење да предизвика детето да падне (пешки,од велосипед,при излегување од автомобил):
колку работи може да се научат од изгребано колено! Со трпение се бара рамнотежа помеѓу заштитата на најблиските и потребата да им се дизволи самостојно да ја истражуваат околината.



Сепак, внимавајте на сопственото однесување: понекогаш, поради брзање, возрасен пешак што го придружува детето има тенденција да го „влече“, и преминува пеш на црвено светло, можеби зборувајки на мобилниот телефон додека поминува, го одвлекува вниманието од околината и ја губи целосната контрола врз постапките на детето.

## Однесувањето на возрасните луѓе



Детето, веќе на рана возраст, почнува да развива свои лични искуства за справување со опасноста од патишта и задача на возрасниот е да го бодри, продолжувајќи да ја следи неговата безбедност.
Некои мерки го олеснуваат приспособувањето на детето на патната средина, на пример навремено напуштање на домот за да се избегне стравот од доцнење;и без разлика дали пеш или со кола, би било добро да се разговара со него.
Не секогаш го сфаќаме тоа, но децата нѐ набљудуваат: за да им помогнеме да стекнат навика да ги почитуваат знаците, примерот на возрасниот вреди повеќе од која било лекција, дури и кога возрасен пешак ќе го посочи неправилното однесување на возачот кој не застанува пред пешачкиот премин.
Веројатно, можните последици од неправилното однесување може да се објаснат со едноставни зборови, но многу подобро би било да се фокусирате на



позитивното однесување и да го пофалите детето кога соодветно се однесува. Внимавајте и на облеката на детето: лошо врзан чевел, шал на ветрот, јакна што не е во согласност со температурата во периодот може да го отежне движењето и да го намали вниманието кон надворешната средина.
Одењето по улица е напорна акција, која бара концентрација и подготвеност да се заштитите.



Дури и во овие ситуации, возрасниот е тој што може да го води детето кон саморегулирање на сопственото однесување.
Основно правило во сообраќајот: **видете и бидете видени.** Што значи тоа? За нас возрасните возачи тоа значи да посветиме особено внимание кога ќе наидеме на ранливо лице, исто така да запомниме дека лошо паркирано возило може да го блокира погледот кога го поминуваме патот или да го попречи преминувањето на тротоарот.
Кога возиме ноќе, тежнееме да се фокусираме пред сè на осветлените предмети: запомнете дека пешакот облечен во темна облека и без рефлектирачки елементи е видлив на околу 25 метри,додека облеката со висока видливост го прави видлив на далечина од околу 140 метри.
За децата пешаци тоа значи да научат да се видливи во сообраќајот, секогаш, а особено во лоши временски денови, на пример, со носење на високо видливо лигавче и светла облека или со додавање рефлективен елемент во нивниот ранец, капа или чевли.
Дури и наизменичното светло додадено на ранецот е може да биде доволна според детето: но во пракса тоа не го заменува рефлектирачкиот елемент бидејќи не испушта доволно светлина за безбедност на патот.

## Ориентацијата кон патувања без негативни последици врз околината

Преку игра, заедно со детето, при секое патување корисно е да се набљудуваат различните начини на движење низ градот, во селата,во помалите населени места,проценувајки ги позитивните и негативните карактеристики. Во оваа возрасна фаза децата се воодушевени од впечатливите аспекти на предметите (на пример, големината на автобусот) и го насочуваат своето внимание само кон еден предмет, бидејќи сè уште ја развиваат способноста за споредување.

Најнапред, добро е да се испита секој елемент што го сретнуваме патувајки поединечно, земајќи го во предвид од секоја перцептивна гледна точка (вид, слух, мирис, за некои елементи и допир). Оваа вештина (наречена

дискриминација) можеби изгледа многу едноставна, но е основа за понатамошното развивање и нејзиното усовршување е гаранција за идно правилно реаѓирање.
Обрнете внимание ина фактот дека децата имаат тенденција да ги сметаат некои возила (на пример велосипеди и скутери за туркање) како играчки, и кога ги возат не обрнуваат многу внимание на сообраќајот.
За оние кои живеат во предградски населби, употребата на автомобилот за да се однесе детето на училиште е неопходна; Сепак, може да се создадат ситуации кои ќе му овозможат на детето да биде и придружуван пешак, на пример со паркирање на автомобилот на одредено растојание од училишната зграда.
На некои места, на пример мали села, децата можат да си играат во двор или на приватни улици со малку сообраќај,иако мали, може слободно да трчаат, да возат велосипед, да играат: секогаш кога одите во високо урбани подрачје или во град,помогнете му на детето да ја увиди разликата на приватните од јавните простори, во кои може да наиде на опасности кои сè уште му се малку познати.
Патувањето до подалечна локација може да вклучи употреба на алтернативни средства за патување како што се брод, авион или воз: тоа е можност детето да започне да размислува за транспортниот систем како целина и за различните влијанија што ѓи има врз животната средина.

**Еве неколку примери на поуки пти патување:**
моторни возила: од кој тип и да се, колку тркала и да имаат; тие произведуваат бучава и загадување, брзи се и можат да бидат опасни; автобусот е многу голем и превезува многу луѓе; автобус превезува повеќе луѓе отколку автомобил; велосипеди: патуваат по велосипедски патеки; на патот заземаат помалку простор;без звуци; не произведуваат смрдеа; шлемот ја штити главата; пешаци: пешачење по тротоар без трчање; тротоарот е подигнат,повисок од патот за да ги заштити пешаците од возила; понекогаш некои пешаци го заземаат целиот простор, а другите пешаци не можат да поминат; во текот на мојот ден, можам да бидам придружуван пешак за да одам во ... (училиште, да посетам пријател, во парк, да
одам на шопинг, во теретана, во
театар/концерт ...)
на патот: секој има место каде да се движи, со почит кон другите.

